Препорака бр. 35

# Препорака за индиректно принудување на работа, 1930 г.

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

Свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, се состана на својата четиринаесетта седница на 10 јуни 1930 година, и

Одлучувајќи се за донесување определени предлози во однос на индиректното принудување на труд, што е вклучено во првата точка на дневниот ред на седницата, и

Утврдувајќи дека овие предлози треба да добијат форма на Препорака,

на дваесет и осми јуни, илјада деветстотини триесетта година, ја донесува следнава Препорака, што може да се наведува како Препорака за принудна работа (индиректно принудување), 1930 г., што треба да се достави до членките на Меѓународната организација на трудот на разгледување за целите на нејзиното спроведување преку националното законодавство или на друг начин, во согласност со одредбите на Уставот на Меѓународната организација на трудот:

Усвојувајќи ја Конвенцијата за принудна или задолжителна работа, и

Сакајќи да ја надополни оваа Конвенција со изјава за принципите што се најсоодветни за обезбедување насоки за политики на членките во напорите за избегнување каква била индиректна принудна на работа што би наметнала преголемо оптоварување за населенијата на териториите во коишто може да се применува конвенцијата,

Конференцијата препорачува дека секоја членка треба да ги земе предвид следниве принципи:

I

Износот на достапниот труд, капацитетите за труд на населението и штетните ефекти што премногу брзите промени во животните и работните навики може да ги имаат врз социјалните состојби на населението се фактори што треба да се земат предвид при носењето одлуки за прашања што се поврзани со економскиот развој на териториите што се во примитивна фаза на развој и, особено, при носењето одлуки за:

(а) зголемувањето на бројот и опфатот на индустриските, рударските и земјоделските претпријатија на таквите територии;

(б) населувањето на лица што не се староседелци, доколку го има, што треба да се дозволи;

(в) давање концесии за шуми или други концесии, со или без карактер на монополи.

II

Пожелноста на избегнувањето на индиректните средства за вештачко зголемување на економскиот притисок врз населенијата за барање вработување за плата, и особено на средствата како што се:

(а) наметнувањето такви даноци на населенијата што би резултирале во нивното присилување да бараат вработување за плата во приватните претпријатија;

(б) наметнување ограничувања во однос на поседувањето, населувањето или користењето на земјиштето што би резултирало со отежнување на заработувањето за живот преку самостојно земјоделско производство;

(в) неправилно проширување на општоприфатеното значење на поимот за скитништво;

(г) донесување такви закони за движење што како последица би имале ставање на работниците што се на служба кај други лица во поповолна положба во споредба со останатите работници.

III

Пожелноста на избегнувањето какви било ограничувања на доброволното движење на работната сила од една форма на вработување во друга, или од еден реон во друг, што посредно би можело да има ефект на принудување на работниците да се вработуваат во определени индустрии или реони, освен кога таквите ограничувања се сметаат за неопходни во интерес на населението или засегнатите работници.